До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку контакт формата на web страна на Државната комисија, доставено е Прашање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

М И С Л Е Њ Е

Согласно член 44 став (4) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

(4) „Избрано или именувано лице **не може** истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.“

Имено, согласно цитираните одредби постои забрана за вршење на други дејности, по што Државната комисија смета дека лицето како службено лице кое е именувано за извршување на функцијата заменик претседател на Управен одбор во Центарот за јавно здравје не може да ја извршува функцијата како член на орган на управување во друго јавна претпријатие која располага со државен капитал.

Претседател,

Адем Чучуљ